СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Четврток, 9 јули 1992 Скопје Број 41 Год. XLVIII

Аконтацијата за 1992 година изнесува 12.000 денари. Овој број чини 350 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

816.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 8 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), а во врска со член 1 и 2 од Законот за помилување („Службен весник на СРМ“ бр. 15/77), Претседателот на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Потполно се ослободуваат од натамошно издржување на изречената казна затвор осудените лица:

1. Муратов Рецеп Мемед од Кавадарци,
2. Јантрески Видан Пецо од Скопје.

II

Извршувањето на изречената казна затвор им се услови за 1 година на осудените лица:

1. Шимоски Демир Али Шаќир од с. Заграчани, во траење од 2 месеци и 7 дена,
2. Аврамовски Христо Симе од с. Јанковец, во траење од 3 месеци,
3. Иванов Кирил Атанас од Струмица, во траење од 3 месеци,
4. Крстиќ Драгољуб Момчило од Струга, во траење од 3 месеци.
5. Марковски Алексо Венко од Охрид, во траење од 3 месеци,
6. Марков Никола Викенти од Скопје, во траење од 3 месеци.

III

Извршувањето на изречената казна затвор му се услови за 2 години на осуденото лице:

1. Ибески Алија Ариф од с. Дебреште, во траење од 6 месеци.

IV

Делумно се ослободи од натамошно издржување на изречената казна затвор осуденото лице:

1. Стојановски Раде Пецо од Битола, во траење од 6 месеци.

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 08-1181
6 јули 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

817.

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ“ бр. 20/90), Владата на Република Македонија, донесе

ОДЛУКА
ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ ВО ПРОМЕТОТ НА ГОЛЕМО ОДНОСНО НА МАЛО

1. Претпријатијата и другите правни лица (во натамошниот текст: претпријатијата) ги формираат цените на производите во прометот на големо односно на мало со примена на стапките за покритие на трошоците на прометот на набавната цена и тоа: во прометот на големо најмногу до 8%, а во прометот на мало најмногу до 22%.

Одредбите од став 1 на оваа точка не се однесуваат на земјоделските производи.

2. Претпријатијата што се занимаваат со промет на лекови за хумана употреба ги формираат цените на производите во прометот на големо, односно на мало со примена на стапките за покритие на трошоците на прометот и тоа во прометот на големо најмногу до 8%, а во прометот на мало најмногу до 12%.

3. Стапката за покритие на трошоците во транзит може да изнесува најмногу до 50% од стапката за покритие на трошоците на прометот на големо од точките 1 и 2 на оваа одлука.

4. Ако претпријатието набави стоки непосредно од производителот или увозникот и изврши само промет на мало може, при формирањето на цените на производите на мало, стапките за покритие на трошоците на тој промет да ги зголеми до 50% од стапките за покритие на трошоците на прометот на големо.

5. Под набавна цена на производите во прометот на големо односно на мало се подразбира нето фактурната цена на претпријатието кое се занимава со производство односно на добавувачот, на претпријатието кое се занимава со увоз и на претпријатието кое се занимава со промет на големо, зголемена за зависните трошоци.

6. Под зависни трошоци во смисла на оваа одлука, се подразбираат: трошоците за натовар и растовар на производите, трошоците за транспортот од стоваришето на добавувачот од стоваришето на купувачот, трошоците за осигурување на производите во транспортот, транспортното кало, кршот и расипување на производите, посебните трошоци за пакување на транспортот на производите (зимско пакување и слично), трошоците за транспортот од стоваришето на купувачот до неговите продавници односно продажни места и трошоците за враќање на амбалажата врз основа на склучените договори.

Како зависни трошоци од став 1 на оваа точка можат да се засметаат само фактичките трошоци што ги имало и што му ги фактурирало на купувачот друго претпријатие.

По исклучок од одредбата на став 2 од оваа точка, претпријатието може да ги засмета зависните трошоци од став 1 на оваа точка и ако транспортот, натоварот и истоварот и др. ги изврши со свои средства и најмногу

до височината на тарифата во јавниот сообраќај што е формирана во согласност со прописите.

Ако претпријатието не може да ги утврди и да ги пресмета фактичките зависни трошоци во моментот на извршениот промет, по исклучок може тие трошоци да ги пресмета во планирани просечни износи или процент, со тоа што просечните зависни трошоци ги планира врз основа на остварените просечни зависни трошоци во претходната година, односно во претходниот пресметковен период на тековната година.

7. Прометните претпријатија што пакуваат прехранбени производи на начин што одговара на индустриски начин на пакување (ситно пакување), можат на набавната цена на тие производи да ги зголемат фактичките трошоци за пакување, најмногу до износот што во согласност со прописите го засметуваат претпријатијата - производители при пакување на исти производи.

8. Во прометот на големо можат да учествуваат само две прометни претпријатија, а во прометот на мало само едно. Вршителите на прометот на големо можат меѓусебно да ја делат пропишаната стапка за покритие на трошоците во прометот на големо. Прометното претпријатие кој е прв учесник во прометот на големо е должно во фактурата, односно во испратницата посебно да истакне кој дел од пропишаната стапка ја засметало, а кој преостанал за другиот учесник во прометот на големо. Во наведениот број од најмногу двајца учесници во прометот на големо спаѓа и претпријатието што врши транзит.

9. Не се смета како зголемување на стапката за покритие на трошоците на прометот позитивната разлика во цената што прометното претпријатие ја пресметува како разлика меѓу постојната продажна цена на производите на залихи и продажната цена на производите од ист вид и квалитет што се купени подоцна.

10. Одредбите на оваа одлука се применуваат и на вршителите на дејност со самостоен личен труд (иматели на дуќани), како и на другите производители и учесници во прометот на производи од оваа одлука.

11. Со парична казна од 100.000 до 500.000 денари, ќе се казни за прекршок претпријатието ако врши промет на големо спротивно на бројот на учесниците во прометот на големо определен во точка 8 на оваа одлука.

Со казната од став 1 на оваа точка ќе се изрече и заштитна мерка одземање на разлика во цени остварена со стопанскиот престап.

За дејствијата од став 1 на оваа точка ќе се казни за прекршок и одговорното лице во претпријатието со парична казна од 10.000 до 50.000 денари.

12. Со парична казна од 50.000 до 250.000 денари ќе се казни за прекршок претпријатието кое пресметува поголеми трошоци од определените во точките 1 и 2 на оваа одлука.

Со казната од став 1 на оваа точка ќе се изрече и заштитна мерка одземање на имотната корист остварена со прекршокот.

За дејствијата од став 1 на оваа точка ќе се казни за прекршок одговорното лице во претпријатието со парична казна од 4.000 до 10.000 денари.

13. Со парична казна од 30.000 до 100.000 денари ќе се казни за прекршок имателот на дуќан ако направи некој од прекршоците од 11 до 12 на оваа одлука.

Со казната од став 1 на оваа точка ќе се изрече заштитна мерка одземање на имотна корист остварена со прекршокот.

14. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-2221/1
9 јули 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р

818.

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ" бр. 20/90), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА БРАШНОТО И ЛЕБОТ

1. Претпријатијата и другите правни лица и вршителите на дејност со самостоен личен труд (во натамошниот текст: производители), кои произведуваат брашно, можат цените на брашното да ги формираат така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа:

– брашно ТИП „500" до 110,00 ден./кгр.
– брашно ТИП „850" до 72,00 ден./кгр.

Цените на брашното од став 1 на оваа точка важат за највисоки продажни цени на производителите франко натоварени во вагон или камион на најблиската натоварна станица на производителот.

На цената од став 1 на оваа точка може да се пресметуваат и трошоци за амбалажа.

2. Претпријатијата и другите правни лица и вршителите на дејност со самостоен личен труд (во натамошниот текст: иматели на дуќани), кои вршат промет на брашно, можат цените на брашното да ги формираат така што највисоките цени на големо и мало да изнесуваат и тоа:

– брашно ТИП „500" 1/1 кгр. на големо 190,00./кгр.
– брашно ТИП „500" 1/1 кгр. на мало 220,00 ден./кгр.

3. Претпријатијата и другите правни лица и имателите на дуќани, кои произведуваат леб, можат цените на лебот да ги формираат така што малопродажната цена на лебот од ТИП „500" од 600 грама да изнесува 120,00 денари.

4. Дирекцијата за стоковни резерви ќе исплатува разлика на цена на купените количини на брашното од пазарите надвор од Републиката доколку тие бидат купени по повисоки цени од определените во точка 1 и 2 на оваа одлука, под услов да се засмета на фактурната вредност по 3,00 ден./кгр. превозни трошоци, 7% манипулативни трошоци и 25% трошоци во прометот (од кои 8% на големо и 17% на мало).

На претпријатието и другите правни лица и имателите на дуќани кои произведуваат леб ќе им се исплатува компензација на пекарите со млинови по 30 денари по парче, а само на пекарите 40 денари по парче.

Исплатата на компензацијата ќе се обезбеди од средствата на Републичкиот буџет.

5. Со парична казна од 100.000 до 500.000 денари ќе се казни за прекршок претпријатието и друго правно лице ако цените на своите производи ги формираат спротивно од одредбите на точките од 1 до 5 од оваа одлука.

За прекршокот од став 1 на оваа точка ќе се казни и одговорното лице во претпријатието и другото правно лице со парична казна од 10.000 до 50.000 денари.

Со казната од став 1 на оваа точка ќе се одземе и остварената имотна корист.

6. Со парична казна од 100.000 до 150.000 денари ќе се казни за прекршок имателот на дуќан кој произведува брашно, врши промет на брашно, произведува и врши промет на леб, ако цената на брашното и лебот ја формира спротивно на одредбите од точките 1 до 3 на оваа одлука.

Со казната од став 1 на оваа точка ќе се одземе и остварената имотна корист.

7. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување најви-

соки цени на брашното и лебот („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/92).

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2217/1
9.VII.1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р Никола Кљусев, с.р.

819.

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ" бр. 20/90) и член 45 од Законот за Владата на Социјалистичка Република Македонија ("Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата на Република Македонија, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКАТА ОТКУПНА И МАЛОПРОДАЖНА ЦЕНА НА МЛЕКОТО

1. Претпријатијата и другите правни лица што се занимаваат со производство и преработка на свежо млеко сами или во кооперација со индивидуални производители (во понатамошниот текст: производители), можат да го откупуваат млекото по цена најмалку 52,81 денари од маслената единица, односно 65% од малопродажната цена на пастеризирано млеко пакувано во фолија, франко-собирно место на продавачот, лактофриз или подвижна цистерна.

2. Како највисока малопродажна цена на пастеризирано-хомогенизирано кравјо млеко пакувано во фолија (полиетилен) се определува 260,00 ден./ литар пакувано во пјур-пак 300,00 ден./литар.

Цената од точка 2 на оваа одлука важи за кравјо млеко кое содржи 3,2% млечна маст.

Ако млекото содржи поголем или помал процент на млечна маст цената од став 1 на оваа точка сразмерно се зголемува или намалува, со тоа што за кравјото млеко се признава најмногу до 4,3% млечна маст.

3. Цената од точка 1 и 2 на оваа одлука се однесува на кравјо млеко што во поглед на квалитетот ги исполнува следните услови:

1) да има најмалку 8,5% сува материја без маст;

2) да не му е додадена вода, што се утврдува со точката на мрзнење која не смее да биде поголема од 0,53% °C или индексот на рефракција да не е помал од 1.3420 или бројот на рефракцијата да не е помал од 39;

3) степенот на киселост да не е поголем од 7,6% сметајќи по Сокслет–Хенгел;

4) времето на обезбедување на метиленското синило да изнесува најмалку 2 часа, сметајќи по оригиналната метода на Орли Јенсен (со таблети со стандардна количина на метиленско синило);

5) да има најмалку 3,2% млечна маст;

6) да не е произведено од крави лекувани со арсен, жива, или со други лекови кои преминуваат во млекото за време на лекувањето и за време до 5 дена по лекувањето.

4. Со парична казна од 1.500.000 до 2.250.000 денари ќе се казни за стопански престап претпријатие и друго правно лице кое врши промет на млеко по повисоки цени од цените определени во точка 2 од оваа одлука.

За стопански престап од став 1 на оваа точка ќе се казни одговорното лице во претпријатието или друго правно лице со парична казна од 75.000 до 150.000 денари.

Со казната од став 1 на оваа одлука ќе се одземе и остварената имотна корист.

5. Со парична казна во износ од 100.000 до 150.000 денари ќе се казни за прекршок работниот човек што врши дејност со самостоен личен труд – промет на млеко, ако цената на млекото ја формира по повисоки цени од определените во точка 2 на оваа одлука.

6. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на највисоката откупна и малопродажна цена на млекото („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/92).

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2219/1
9.VII. 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р Никола Кљусев с.р.

820.

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ" бр. 20/90), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКО НИВО НА ЦЕНИТЕ НА УЧЕБНИЦИТЕ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

1. Цените на учебниците се определуваат како највисоки просечни цени и тие можат да изнесуваат:

– учебниците за основно образование 1.167 денари
– учебниците за средно образование 1.595 денари

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат одредбите од точка 1, став 1, алинеја 7 од Одлуката за определување на највисоко ниво на цените на одделни производи и услуги донесена од Владата на Република Македонија, под број 23-1429/1 од 25 април 1992 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/92).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-2222/1
9 јули 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

821.

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ" бр. 20/90), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКО НИВО НА ЦЕНИТЕ НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА

1. Цените на електричната енергија (во преносот и дистрибуцијата) што се формирани и применети според постојните тарифни ставови, односно по постојните прописи можат да се зголемат за 50% со што просечната цена на електричната енергија ќе изнесува 9 денари за КВтч.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важат одредбите од точка 2 на Одлуката за определување на највисокото ниво на цените на одделни производи и услуги донесена од Владата на Република Македонија под бр. 23–1429/1 од 25 април 1992 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/92).

3. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23–2218/1
9. јули 1992 година
Скопје

Претседател на Владата
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

822.

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ", бр. 20/90), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКО НИВО НА ЦЕНИТЕ НА ПТТ УСЛУГИТЕ

1. Како највисоко ниво на цените на ПТТ услугите се определуваат цените што се за 40% пониски од цените што се формирани и применети според постојните прописи.

2. Одредбите од точка 1 на оваа одлука не се однесуваат на ПТТ услугите во платниот промет.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23–2220/1
9. јули 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

823.

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ" бр. 20/90), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКО НИВО НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

1. Како највисоко ниво на цените на услугите за дистрибуција на топлинска енергија се определуваат цените што се за 30% пониски од цените применети и формирани според постојните законски прописи.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важат одредбите од точка 1 став 1, алинеја 4 (парно греење) од Одлуката за определување највисоко ниво на цените на одделни производи и услуги донесена од Владата на Република Македонија под бр. 23–1429/1 од 25.IV.1992 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/92).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23–2231/1
9. јули 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с. р.

824.

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ" бр. 20/90), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКО НИВО НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МОТОРНИТЕ ВОЗИЛА

1. Како највисоко ниво на цените на услугите за задолжително осигурување на моторните возила се определуваат цените што се за 20% пониски од цените формирани и применети според постојните прописи.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2230/1
9. јули 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

825.

Врз основа на член 238, став 2 а во врска со член 15 од Законот за органите на управата („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/90), и член 45, став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/90), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО СЕ УКИНАА

Член 1

Со оваа одлука се определува рокот за преземање на средствата на општествено-политичките организации што се укинаа со Амандманите од LVII до LXXX на Уставот на Република Македонија од 1974 година, кои согласно член 16 од Уставниот закон за спроведување на овие амандмани ги презедоа надлежните државни органи.

Член 2

Министерството за правосудство и управа ќе ги преземе средствата на општествено-политичките организации кои се укинаа со состојба на 20.IX.1990 година во рок од 10 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1880/1
9 јули 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

826.

Врз основа на член 16 став 4 и 5 од Законот за надворешно-трговско работење („Службен лист на СФРЈ" бр. 63/89 и 11/91), Владата на Република Македонија донесува

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА ФОРМИ НА ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ

1. Во Одлуката за распоредување на стоките на форми на извозот и увозот („Службен лист на СФРЈ" бр. 48/90, 59/90, 73/90, 83/90, 6/91, 8/91, 18/91, 86/91, 9/92, 16/92, 17/92 и 22/92), во Списокот на стоки со форми на извозот и увозот се вршат следниве измени, и тоа:

1) во тарифните ознаки: 0102.903, 0104.102, 0204.21, 0204.22, 0204.23, 0204.41, 0204.42, 0204.43, 0207.39, 1103.13, 1704.10, 1704.903, 1905.30, 1905.90, 2202.10, 2702.10, 2709.001, 2709.009, 2814.20, 3103.109, 3105.59, 3105.90, 7204.10, 7204.21, 7204.29, 7204.30, 7204.41, 7204.50, 7406.10, 7406.20, 7407.10, 7407.211, 7407.219, 7407.221, 7407.229, 7407.291, 7407.299, 7408.11, 7408.19, 7408.21, 7408.22, 7408.29, 7409.11, 7409.19, 7409.21, 7409.29, 7409.31, 7409.39, 7409.40, 7409.90, 7410.11, 7410.12, 7410.21, 7410.22, 7411.10, 7411.21, 7411.22, 7411.29, 8482.101, 8482.80, 8536.61, 8539.10 и 8701.904, во колоната 7 кратенката „КК" се заменува со кратенката „ЛБ".

2) во тарифните ознаки: 0709.601 и 0709.609, во колоната 7 кратенката „КК" се заменува со кратенката „ЛБ" во периодот од 1.11. до 1.07.

3) во тарифните ознаки 0702.00 и 0807 во колоната 7 кратенката „ЛБ" се заменува со кратенката „КК" во периодот од 1.07.до 31.10

4) во тарифните ознаки 1202.10 и 1202.20 во колоната 7 кратенката „ЛБС" се заменува со кратенката „ЛБ".

5. во тарифните ознаки: 5111.11, 5111.19, 5111.20, 5210.31, 5210.32, 5210.39, 5210.41, 5210.42, 5210.49, 5210.51, 5210.52, 5210.59, 5211.11, 5211.12, 5211.19, 5211.21, 5211.22, 5211.29, 5211.31, 5211.32, 5211.39, 5211.41, 5211.42, 5211.43, 5211.49, 5211.51, 5211.52, 5211.59, 5212.11, 5212.12, 5212.13, 5212.14, 5212.15, 5212.21, 5212.22, 5212.23, 5212.24, 5212.25, 5512.11, 5512.19, 5515.91, 5515.92, 5515.99, 7323.931, 7323.942, 8202.312, 8203.101, 8203.109, 8205.201, 8205.209, 8426.111, 8426.119, 8426.201, 8426.202, 8426.209, 8426.411, 8427.202, 8471.209, 8471.924, 8471.925, 8471.991, 8471.992, 8477.20, 8544.111, 8544.119, 8544.201, 8544.2091, 8544.2099, 8544.411, 8544.419, 8544.4911, 8544.4919, 8544.4991, 8544.4999, 8544.51, 8544.591, 8544.5991, 8544.5993, 8544.6011, 8544.6013, 8544.6019, 8544.6093, 8544.6099 и 8544.70 во колоната 7 кратенката „КВ" се заменува со кратенката „ЛБ".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2009/1
26 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

827.

Врз основа на член 255 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90, 11/91 и 40/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА МБУЦ „ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ – ЛУЈ" – СКОПЈЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Музичко-балетскиот училишен центар „Илија Николовскии – Луј" – Скопје, со која за индивидуален работоводен орган на Центарот повторно е именувана МАРИЈА ПИСИНОВА, професор по пијано.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-611/5
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

828.

Врз основа на член 255 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90, 11/91 и 40/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА УЦМО БИТОЛА

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Училишниот центар за музичко образование во Битола, со која за индивидуален работоводен орган на училиштето повторно е именуван ЈОНЧЕ КУЗЕВ, академски музичар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-611/6
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

829.

Врз основа на член 255 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90, 11/91 и 40/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ХУЦ „МАРИЈА КИРИ СКЛОДОВСКА" – СКОПЈЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Хемискиот училишен ценатар „Марија Кири – Склодовска" – Скопје, со која за индивидуален работоводен орган на Центарот повторно е именуван ТРАЈЧЕ АТАНАСОСКИ, професор по математика.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-611/7
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

830.

Врз основа на член 58 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78, 43/78, 35/85, 17/91 и 38/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ЦЕНТАРОТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА МЛАДИНЦИ СО ОШТЕТЕН СЛУХ „25 МАЈ" – СКОПЈЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Центарот за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух „25 Мај" – Скопје, со која за индивидуален работоводен орган на Центарот е именуван ТРАЈКО ТРАЈКОВСКИ, дипл. машински инженер и вршител на должноста.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-612/4
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

831.

Врз основа на член 58 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78, 43/78, 35/85, 17/91 и 38/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО ГЕВГЕЛИЈА

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Собирот на работниците на Центарот за социјална работа во Гевгелија, со која за индиви-

дуален работоводен орган на Центарот е именувана ТОДОРКА ПОП-РИСТОВА, педагог.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-612/5
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

832.

Врз основа на член 36 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81, 40/87, 17/91 и 38/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на ден 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА РО ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ „РАСПЕНА МЛАДОСТ" – СКОПЈЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст „Распеана младост" Скопје, со која за индивидуален работоводен орган на организацијата повторно е именувана СОЊА ПЕТРОВА, воспитувач.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-613/3
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

833.

Врз основа на член 36 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81, 40/87, 17/91 и 38/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА РО ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ „ЈАСНА РИСТЕСКА" ОХРИД

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на РО за згрижување и воспитание „Јасна Ристеска" – Охрид, со која за индивидуален работоводен орган на организацијата повторно е именувана НИКОЛИНА КОТУШЕВА, социјален работник.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-613/4
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

834.

Врз основа на член 36 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81, 40/87, 17/91 и 38/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РОБОТОВОДЕН ОРГАН НА РО ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ „ВТОРИ СЕПТЕМВРИ" – ДЕМИР ХИСАР

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Собирот на работните луѓе на РО за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст „Втори Септември" – Демир Хисар, со која за индивидуален работоводен орган на организацијата е именувана МИТРА СЕЛВИЈОВСКА, воспитувач.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-613/5
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

835.

Врз основа на член 16 од Законот за сценско-уметничка дејност („Службен весник на СРМ" бр. 4/86 и 51/88), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ДРАМСКИОТ ТЕАТАР ВО СКОПЈЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Драмскиот театар во Скопје, со која за индивидуален работоводен орган на Театарот повторно е именуван БЛАГОЈ ЧОРЕВСКИ.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-614/4
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

836.

Врз основа на член 33 став 3 од Законот на општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81, 40/87, 17/91 и 38/91) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА РО ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ „8 – МИ МАРТ" СКОПЈЕ

1. За претставници на Републиката во Советот на РО за згрижување и воспитание „8-ми март" – Скопје се определуваат:

– КАЛИНА АНДРЕЕВА, психолог во РО „Весели цветови" – Скопје;

– ЈОРДАН СТАМАТОВСКИ, одборник во Собранието на општината Кисела Вода, наставник во ОУ „Ѓуро Салај" – Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-708/11
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

837.

Врз основа на член 33 став 3 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81, 40/87, 17/91, и 38/91) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА РО ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ „25 МАЈ" – СКОПЈЕ

1. За претставници на Републиката во Советот на РО за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст „25 Мај" – Скопје се определуваат:

– МИЛЕ ВЕЛИЧКОВСКИ, директор на ОУ „Крум Тошев" – с. Трубарево, Скопје

– СТОЈКА МЛАДЕНОВСКА, наставник во ОУ „Дане Крапчев" Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17–708/ 12
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

838.

Врз основа на член 33 став 3 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81, 40/87, 17/91 и 38/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА РО ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ „ОРЦЕ НИКОЛОВ" – СКОПЈЕ

1. За претставници на Републиката во Советот на РО за згрижување и воспитание „Орце Николов" – Скопје се определуваат:

– МИЛИЦА ВЕЉАНОВСКА, раководител на Подрачната библиотека „Другарче" – Скопје

– ВИКТОРИЈА СТОИЉКОВИЌ, дипл. филозоф, вработена во Собранието на општината Карпош.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17–708/13
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

839.

Врз основа на член 33 став 3 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81, 40/87, 17/91 и 38/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА РО ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ „РАХИЛКА ГОНЕВА" – СВЕТИ НИКОЛЕ

1. За претставници на Републиката во Советот на РО за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст „Рахилка Гонева" Свети Николе се определуваат:

– ПАНЧЕ ЈОСЕВ, доктор на медицина, вработен во Здравствениот дом во Свети Николе

– ДАНИЛО ТАШКОВ, наставник во ЦОУ „Методи Митевски Брицо" с. Лозово, Свети Николе.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-708/ 14
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

840.

Врз основа на член 33 став 3 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81, 40/87, 17/91 и 38/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на ден 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА РО ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ „ПАВЛИНА ВЕЉАНОВА" – КОЧАНИ

1. За претставници на Републиката во Советот на РО за згрижување и воспитание „Павлина Вељанова" – Кочани се определуваат:

– БЛАГИЦА ПАШОВСКА, доктор на медицина, педијатар во Медицинскиот центар во Кочани

– ДРАГИ СТОЈКОВ, советник – педагог во ПЕ Кочани на Педагошкиот завод за Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-708/ 15
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

841.

Врз основа на член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90) и член 21 став 2 од Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 32/92), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА РЕШАВАЊЕ НА УПРАВНИ РАБОТИ ВО ВТОР СТЕПЕН ОД ОБЛАСТА НА НАРОДНАТА ОДБРАНА, ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ, ПРАВОСУДСТВОТО И УПРАВАТА, ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1. Се разрешуваат од должноста членови на Комисијата за решавање на управни работи во втор степен од областа на народната одбрана, внатрешните работи, правосудството и управата, од Министерството за внатрешни работи

– БОРЧЕ БУТНЕЈСКИ и

– БЛАГОЈА ТОСКОВСКИ.

2. За членови на Комисијата за решавање на управни работи во втор степен од областа на народната одбрана, внатрешните работи, правосудството и управата, од Министерството за внатрешни работи, се именуваат:

– ВЕРА НАУМОВСКА, советник во Министерството за внатрешни работи и

– БРАНКО КЛИНЧАРОВ, дипл. правник во Министерството за внатрешни работи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17–1102/2–91
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

842.

Врз основа на член 45 од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи („Службен весник на СРМ" број 19/79 и 47/89), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА УПРАВИТЕЛОТ НА ЗАТВОРОТ ВО СКОПЈЕ

1. За заменик на управителот на Затворот во Скопје се именува КОЛЕ КОСТОВСКИ, досегашен заменик на управителот на Затворот во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17 – 1194/2
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

843.

Врз основа на член 153 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

1. За советник на министерот за труд и социјална политика се назначува ЕЛИСАВЕТА ЧАЛОВСКА, досегашен раководител на Секторот за финансии, план и анализа во Републичката СИЗ за општествена заштита на децата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17 – 1470/2
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

844.

Врз основа на член 153 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

1. За советник на министерот за труд и социјална политика се назначува НАВСИКА ПЕТРОВСКА, досегашен советник за стручно – аналитички работи во Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17 – 1470/3
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

845.

Врз основа на член 153 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

1. За советник на министерот за труд и социјална политика се назначува БОГЕ ЧАДИНОВСКИ, досегашен советник во Министерството за труд и социјална политика.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17 – 1470/4
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

846.

Врз основа на член 35 од Законот за библиотечната дејност („Службен весник на СРМ" бр. 35/84 и 51/88), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА БИБЛИОТЕКАТА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" – СКОПЈЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Работничкиот совет на Библиотеката „Браќа Миладиновци" во Скопје, со која за индивидуален работоводен орган на Библиотеката повторно е именуван ГОЈКО ИКОНОМОВ.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17 – 1569/2
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

847.

Врз основа на член 153 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

1. За потсекретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се назначува РИСТО КРУНТОВСКИ, досегашен потсекретар во Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1584/2
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

848.

Врз основа на член 153 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

1. За помошник на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство се назначува м-р Христо Халески, досегашен главен републички инспектор за земјоделство и шумарство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.

Број 17-1584/3
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

849.

Врз основа на член 153 став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

1. За советник на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство се назначува СВЕТЛАНА УГРИНОВСКА, досегашен самостоен советник во Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1584/4
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

850.

Врз основа на член 141 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЛАВЕН РЕПУБЛИЧКИ ИНСПЕКТОР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ШУМАРСТВО

1. За главен републички инспектор за земјоделство и шумарство се именува КИРИЛО ЈАНКОСКИ, досегашен помошник на претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1584/5
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

851.

Врз основа на член 155 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ВЛАДАТА ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ ИНСПЕКТОР ЗА РУДАРСТВО ВО РЕПУБЛИЧКИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

1. Владата на Република Македонија дава согласност за републички инспектор за рударство во Републичкиот инспекторат за техничка инспекција да биде назначен ЉУПЧО ТРАЈКОВСКИ, досегашен стручен соработник во Рударскиот институт - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1625/2
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

852.

Врз основа на член 155 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ВЛАДАТА ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ ИНСПЕКТОР ЗА ПАРНИ КОТЛИ И САДОВИ ПОД ПРИТИСОК ВО РЕПУБЛИЧКИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

1. Владата на Република Македонија дава согласност за републички инспектор за парни котли и садови под притисок во Републичкиот инспекторат за техничка инспекција да биде назначен БЛАГОЈА ГОЛУБОВСКИ, досегашен директор на Економска единица Заеднички работи во МЗ „Тито", РО ФОП – Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1625/3
19 јуни 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

853.

Врз основа на член 155 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр 40/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19 јуни 1992 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ВЛАДАТА ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ САНИТАРНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ИНСПЕКТОРИ ВО РЕПУБЛИЧКИОТ САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ

1. Владата на Република Македонија дава согласност за републички санитарни и здравствени инспектори во Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат да бидат назначени и тоа:

1. За подрачна единица Струмица:
– Сулева Драгица, доктор на медицина,
